**Ило Трајковски**
**Институт за социологија**
**Филозофски факултет-Скопје**

***Преводи***

# МОДЕРНА ЕВРОПА, ИЛИ ОПШТЕСТВО НА ЗНАЕЊЕТО

**-Џерард Диленти**

**"Општетсвената теорија и европската преобразба: Дали постои европско општество"**

-Delanty Gerard (1988) "Social Theory and the Eropean Transformaton: Is there a Europen Society?" , Sociological Research Online, Vol. 3, no. 1, <http://www.soresonline.org.uk/soresonline/3/1/1.htlm>

## Апстракт

Концептот "општество" во општествената теорија во основа ги претпоставува поимите за културната кохезија и за општествена интеграција кои се поврзуват со националните општества и со рамката на модерноста. Оваа постара идеја за општественото произлезе од искуството на "градењето" на институциите поврзани со "градењето" на националните држави на преодот од "традиција" кон "модерност". Прашањето дали европската интеграција ќе може да артикулира концепција за општественото која е независна од националното општество претставува еден од главните предизвици за општествената теорија. Оваа статија ги истражува промените во концепциите за општественото во поновата општествена теорија и некои од тие идеи ги применува врз европската интеграција. Се докажува дека ние треба да го преобмислиме нашиот поим за општеството: наместо "преод", општествената промена што ја доживуваме денес е од типот на општествена "преобразба", концепт кој не сугерира толку "крај на општественото", колку појавување на "мрежно" општество засновано на знаењето. Така, наместо да се обидуваме на наднационално ниво да го репродуцираме моделот кој ги достигнал своите лимити на национално ниво, европската

интеграција треба да ја изрази настанувачката моќ на знаењето. Офрлајќи ги поимите *demos* и *etnicitet* како несоодветни за европската интеграција, се прави случај во прилог на дискурзивното разбирање на демократијата и знаењето.

**Клучни зборови**: граѓанственост, култура, демократија, знаење, Европа

## Вовед: Диркем во современа перспектива

1.1 При крајот на своето класично дело *Поделбата на општествениот труд*, Емил Диркем (1960: 405-6) се осврнува на можноста едно европско општество да произлезе од различните нацонални општества. Денес се заборава дека во еден од неговите главни заклучоци се вели:

... меѓу европските народи постои тенденција да фомираат, преку спонтани движења, едно европско општество кое, сега, има некоја идеја за себеси и зачеток на организација. Ако формирањето на едно единствено човеково општество не е никогаш можно, факт кој не е докажан, тогаш барем формирањето на сѐ поголеми општества на некој начин нѐ носи блиску до таа цел (Durkhim, 1960: стр. 405-6).

1.2. Тезата на Диркем е дека сѐ поголемата поделба на трудот во општеството овозможува настанување на едно подиференцирано и покомплексно општество, кое се карактеризира со она што тој го нарекува органска солидарност различна од механичките форми на солидарност што преовладувале во минатите времиња. Илустрирајќи го концептот органска солидарност на примерот на Европа, тој тврди:

... денес ... различните нации на Европа се многу помалку независни една од друга, затоа што, до одредена мера, тие сите се делови од едно исто општество, навистина, сѐ уште некохерентно, но кое станува сѐ повеќе и повеќе самосвесно (Durkhim, 1960: стр.121).

1.3. Основната тема која лежи во основата на неговото дело е преокупирана со она што го одржува општеството заедно, или

прашањето како е можна општественната интеграција. Според неговото сфаќање општествената интеграција во модерното индустриско општество води кон формирање на општество кое во неговите социјални и економски стуктури се карактеризира со поделбата на тудот, односно тоа е функционално диференцирано општество. Во такви услови, веруваше тој, општествената интеграција бара посебен вид на културна кохезија која ќе биде во хармонија со социјалните структури. Старите форми на културна кохезија - како идејата за заедништвото - веќе не држат вода бидејќи тие беа засновани на многу директна (или "механичка", како што ја нарекува тој) врска меѓу индивидуата и општеството. Оттука и неговото прашање во врска со поврзаноста меѓу општествената интеграција и културната кохезија во услови на општествена диференцијација. Подлабоко, неговото прашање беше: како е можен општествениот поредок? Одговорот кој го даде Диркем беше двостран.

1.4. Прво, едно диференцирано општество може да биде установено единствно врз културни форми на солидарност кои се диференцирани, односно засновани на општи вредности. Според негово сфаќање, ова може единствено да биде реализирано со еволцијата на кооперативните односи меѓу групите, посебно меѓу струковите групи и преку образованието. Таквиот вредносен систем не би бил заснован на вредностите на некоја посебна група во општесвото, туку на споделени граѓански вредности.

1.5 Втората перспектива што ја предлага Диркем е дека фактичкото историско искуство од негово време не беше ислустративно за оваа нова форма на органска солидарност, затоа што граѓанската моралност била насекаде во криза. Се разбира, Диркем во голема мера ги изразуваше конкретните искуства во Франција која претрепе застрашувачки пораз од Прусите и антисемитизам кој се појави со Драјфусовата афера, која се закани со поларизација на општеството. Не беше случајност тоа што Диркем за неговиот голем емпириски трактат ја одбра темата *Самубиството* (1975). Феноменот на самоубиството ја епитомизира аномијата која според Диркем го следеше европското општество

во неговата преодна фаза меѓу традиционланото општество и вистинското модерно ниво, второто тој го поврзуваше со европското. Аномијата настанува кога се раскинува солидарноста, кога се појава неусогласеност меѓу културата и опшеството, како резултат на што индивидуите веќе не се чувствуваат интегрирани во општеството. Самоубистото, посебно феноменот на "аномичното самоубиство" беше симптом за кусок на кохерентност меѓу културната кохезија и општествената интеграција.

1.6. Може да се каже дека во неговото подоцнежно дело, *Елементарните форми на религискиот живот* (1915) Диркем помина на една порадикална позиција, сфаќајќи ја културната кохезија како формирање на културни "претстави", кои ја изразуваат "колективната свест". Овие претстави се објективизирани претстави за себеси, или претстави за општеството. Во сегашниот момент од голема важност е дали Европа ќе може да артикулира такви претстави за себеси: каква е колективната свест на европското општество? Диркем ова прашање го разгледува уште во *Поделбата на трудот во општеството*. Тој се интересираше што се случува кога две колективни свести ќе се спротистават една на друга. "Еден народ за да биде усвоен од друг", докажува Диркем, "мора да престане да се придржува до екслузивниот патриотизам и да научи еден друг кој е поопфатен". Диркем продолжува докажувјќи дека:

"оваа фактичка врска на најочигледен начин може да биде наблудувана во меѓународната поделба на трудот која ни ја дава историјата. Може навистина да се рече дека таа никогаш порано не постоела, освен во Европа и во наше време. Но, заедничката колективна свест на европските општства почна да се формира дури кон крајот на осумнаесеттиот и почетокот на деветнаесеттиот век (Durkheim, 1972: стр. 28)

1.7 Каква беше ситуацијата во негово време? Диркем како и многу други мислители од крајот на векот беше длабоко песимистичен во однос на можноста да се појави вистински европска колективна свест која би го надминала агресивниот национализам кој ја водеше Европа сé поблиску до војна. Иако тој

се спротивставуваше на негативно дефинираното конзервативно сфаќање на преминот од кохезивниот свет на заедништвото кон индивидулистичкиот свет на содружништвото - за што сведочи неговата критика на Тенисовата (1957) *Заедница и содржништво* - тој беше двозначен во поглед на поволностите на содружништвото (Durkheim, 1972: стр. 146-7). Спротивно на Тенис, тој не мислеше дека модерното општество - поради неговите диференцирани структури, би можело да ја оживее традиционалната идеја за заедништвото како фузија на културата и општеството; сепак, "општественото" беше нешто длабоко двозначно. Тоа може да ја обезбеди индивиуата со повеќе автономија, но може и да ја поткопа неа во условите на аномија.

1.8. Отука, како заклучок, Диркем беше еден од првите мислители кои размислуваа за идејата за европско општество како стварост во настанување. Иако многу интелектуалци од просветителството до денес пишуваат за можноста за европска политика, а од доцниот деветнаесетти век темата за европската култура стана многу популарна меѓу интелектуалците (Delanty, 1995b), само неколкумина навистина размилсуваа за прашањето за самото "општествено" како стварност "*sui generis*", да го употребиме Диркемовиот многу сакан термин. Специфичноста на европското општество според Диркем лежи во две димензии. Во поглед на социјалните структури тоа се карактеризира со сѐ поголема диференцијација на институциите и со зголемување на обемот и демографијата, што е тема на *Поделбата на општествениот труд*. Меѓутоа, она што е централно и што ќе стане главна преокупација на Диркем е прашањето за артикулацијата на културните претстави кој би можеле да ѝ дадат израз на солидарноста во диференцираното општество. Иако Диркем никогаш не пишуваше систематски за европското општество и своето дело од социологијата на сознанието никогаш не го примени на современите развојни процеси, неговата социологија посочи на сфаќањето дека општествената интеграција бара кооперативна рамка за општествените групи и рамка во која образованието ќе игра дотогаш невидено важна улога во генерирањето на културна кохезија околу формацијата на поопштени вредности. Неговите

централни концепти се од голема важност за теориското промислување на европската општествена интеграција и културна кохезија. Еден век потоа, ние сеуште не сме го надминале Диркемовиот страв дека дегенерирачките сили на аномијата се вовлекуваат во вакумот создаден од разидувањето меѓу социјалното и културното.

1.9. Во оваа статија јас ќе се обидам да развијам некои аналитички перспективи кон Диркемовиот проблем. Моето прашање е како може европската интеграција да артикулира еден културен модел кој ќе ја изрази стварноста на општественото. Што е социјалното, а што културното во контекст на европската интеграција? Дали тоа може да биде засновано на вредности? Мојата теза, во основа, е дека дебатата за социјалните и културните елементи на европската интеграција - а тоа значи за прашањата во врска со граѓанственоста, иднтитетот, демократијата, вклучувањето во европската интеграција - се безнадежно збркани поради позајмувањата на концептуалниот вокабулар на националните држави. Јас сакам да ја покажам апсурдноста на обидот за осмислување на општествената димензија на европската интеграција како настојување за репродуцирање на наднационално ниво на еден модел кој е специфичен за националните држави. Мојата цел не е да го отфрлам проектот за европската интеграција или да го сведам на меѓувладина соработка, туку да ги испитам неговите заеднички тенденциите во искуствата на европското општество. Во овој момент тоа значи дека лимитите на Диркемовата анализа стануваат очигледни затоа што Диркем веруваше дека формирањето на европското општество е едноставно репродукција на националната држава, се разбира, на повисоко ниво и дека општествената диференцијација доведува до конвергенција.

1.10 Ќе започнам со идентификување на четири димензии на групното членство - демосот, етницитетот, општественото и космополитиското - кое јас провизорно го нарекувам заедништво. Потоа скицирам три гледања (реалистичката парадигма за соработката, федералистичката парадигма за унификацијата и

преовладувачката функционалистичка пардигма за регулацијата) за европската интеграција и докажувам дека ниту една од нив, навистина, не дава модел за интеграцијата како процес кој вклучува заедништво. Потоа го испитувам степенот до кој европската интеграција може да биде сфатена со термините како демос, етницитет и општествено, и докажувам дека овие концепти не може со смисла да се применат на европската интеграција. Потоа, расправам за потребата од нов концепт за групно членство или за заедништво со кој би можело да се теоретизира за "општественото" во европската интеграција. Заклучувам со посочување на можниот алтернативен модел на општествена интеграција заснован на идејата за општесто на знаењето.

## Четири димензии на заедништвото

2.1 Во расправите за граѓанственоста и за групното членство е вообичаено да се прави разлика меѓу *демосот* и *етницитетот*. Првото упатува на членство во политичкото заедништво, а второто на членство во културното заедништво. За членството во политичкото заедништво општо се смета дека е работа на граѓанственоста и како такво треба да се дефинира како однос со државата. На друга страна, членството во етницитетот вообичаено е работа на предполитичка врска со културното заедништво. Се разбира, често пати двете може да се прескуваат едно со друго, но општо е историското искуство дека граѓанственоста како националност, т.е. како членство во држава не се совпаѓа целосно со членството во културното заедништво.

2.2. Темата за политичкото заедништво се поврзува тесно со либерлано-плуралистичкиот дискурс кој ги нагласува правата од кои класични се "живот, слобода и сопственост". Сепак, неорепубликанката традиција од Аристотел до Русо, до Арент ја нагласува партиципацијата. Овие две традиции ги претставуваат двете лица на граѓанственоста, формалната и содржинската. Формалната граѓанственост е прашање на статус наметнат од државата врз нејзините членови (и повлекува реципрочни обврски на граѓаните кон државата за возврат на нивните права). Оваа реципрочност историски е позната како општествен договор, како

во традицијата од Хобс и Лок до Мил. Концептот за слободата на која е заснована формалната граѓанственост се нарекува "негативна слобода", слобода која произлегува од одсуството на попречувања. Ова е традиција која во основа е поврзана со ограниченото владеење, но кое во модерните времиња се прошири во сферата на социјалните права, ја опишува Т. Х. Маршал, во неговото познато дело *Граѓанственоста и општествената класа* (1922). На друга страна, содржинската граѓанственост не е работа на формални права, туку на учество во донесување на одлуките. Тоа е активна граѓанственост, за разлика од пасивната граѓанственост од дискурсот за правата. Во оваа традиција политичкото заедништво помалку се гледа низ индивидуалистички термини, концептот за граѓанственост кој го артикулира таа не е од типот на формална врска меѓу автономните индивидуи и тенденциозно опресивната држава. Овде многу силно се нагласува реалноста на заедништвото како кохезивен ентитет.

2.3 Културното заедништво како израз на етносот кој е спротивен на демосот во голема мерка се изразува во националистичкиот дискурс и конзервативна идеологија. Индивидуата или колективитетот се гледаат како нешта кои се дефинирани од кулурното заедништво, а не од политичкото заедништво кое се претпоставува како нешто изведено. Денес оваа позиција често пати се поврзува со комунитаризмот кој на демосот гледа како на нешто што конститутира културно заедништво. Сепак, треба да се забележи дека најмногу верзии на комунитаризмот, освен конзервативната варијанта, всушност треба да се именуваат либерален комунитаризам, бидејќи тие сметат дека ги помириле заедништвото и индивидуализмот (Delanty, 1977). Во сегашниот контекст важно е да се забележи дека етницитетот се поврзува со националните заедници. Ова добива две форми. Во неонационалистичкиот дискурс нацијата повеќе се дефинира со културни отколку со политички термини. Вториот контекст е тенденцијата за пресоздавање на нацијата како еден етницитет, при што станува збор за отпор кон глобализацијата или транснационалните развојни трендови како што е европската

интеграција. Во социологијата Ентони Смит (1995) е еден пример за таков бранител на нацијата како етницитет.

2.4 Третото разграничување кое сакам да го направам се однесува на самиот поим општество. Што е општество? Ова е прашање кое повторно станува релевантно како резултат на одрекувањето на општественото во современата општествена и политичка теорија (Wagner, 1988) и во контекстот на глобализацијата и европската интеграција. Во класичната социологија концептот општество беше општо земен за зададен и ретко стануваше експлицитен предмет на размислување, со исклучок на Диркем и Зимел (Frisby and Saver, 1986). Општо земено, општеството се поврзува со националните општества, иако за Вебер фоксот несомнено беше една компартивна социологија на цивилизациите, а за Маркс нагласката беше повеќе на општеството како систем на социјални односи дефинирани од класата. Општествата се изедначуваа со институционалните поредоци и, во целина, во преовладувачката социологија беа сфаќани како "стварни" ентитети (согласно на Диркемовата формулација, во неговата книга *Правила на социолошкиот метод, /1938/,* социјалното е стварност за себе и може да се наблудува како комплет од "факти"). Оваа позитивистичка концепција за социјалното содржи сфаќање за него како нешто релативно видливо. Во класичната традиција (со нејзиниот функционалистички и модернистички баласт) проблемот на општеството најчесто се сфаќа како прашање на општествениот поредок (Wrong, 1994). Поредокот се сфаќа како природна состојба, а промената како отстапување од нормата.

Покрај тоа, конвенционалниот поим за општеството е заснован на верувањето дека општеството е втемелено на еден централен интегрирачки принцип, имено националната држава. Општество, исто така, беше нација (културно заедништво) и центрирано околу државата (политичкото заедништво). Во ерата на територијалната национална држава - која доаѓа до својот крај како самодоволен суверен ентитет - оваа фузија на културното заедништво и на политичкото заедништво, на етницитетот и на демосот, беше услов за можноста на општественото. Општествената интеграција и културната кохезија беа направени

како можени преку дискурсот за нацијата и способноста на државата да го заштити општественото. Видливоста на општественото беше можна преку новите средства за комуникација кои израснаа по откривањето на печатењето. Со иконите на нацијата, посебно мапите, знамињата, монетите, нацијата можеше да стане видлива за нејзините граѓани (Anderson, 1984; Gellner, 1983).

Со појавата на масовното општество во раниот дваесетти век и со прширувањето на училишното образование за масите, нацијата стана лесно поистоветлив со општественото. Во основата на идејата за општеството стои поимот за консензусот. Културната кохезија се претпоставува дека е заснована на одреден вид на консензус, или барем, според Маркс, на една доминанта идеологија, ако не и една искривена свест. Идејата и реалноста на општеството произлезе во преодот од "традицијата" кон "модерноста", општеството се однесува на рационализираниот, индивидуализиран и интелектуализирн свет на индустријализмот, урбанизмот и капитализмот и е спротивност на светоста на заедницата и на традицијата. Уште повеќе, тој е изграден врз раздвојувањето на местото (непосредното живеалиште) од просторот (кој се толкува апстрактно): во општеството индивидуите живеат во простори кои не се места.

2.5 Четвртата димензија на заедништвото која сакам да ја споменам се однесува на транснационалното. Историски националната држава, се разбира, е неодамнешен тренд (Hobsbawm, 1991). Империите, конфедерациита и градовите држави беа многу почести отколку самодоволната национална држава (MacNeil, 1986). Во периодот на класичната социологија, од крајот на деветнаесеттиот до средината на дваесеттиот век, постоеја три транснационлни идеи: идејата за цивилизацијата, идејата за федерална политичка и идејата за светската заедница. Првата беше резултат на единството кое Европејците го чувствуваа во контекст на незападниот свет: Евопа беше единствена тогаш кога беше во прашање идентитетот на белата раса (а во едно претходно време кога беше загрозена сигурносота на христијанството). Не беше случајно тоа што токму првите замисли за федерална или

конфедерална европска политија се појавија токму тогаш кога овие идеи за расната супериорност беа загрозени (во периодот непосредно пред Првата светска воојна). Вториот израз на транснационалната идеја се појави со верувањето дека Европа беше загрозена од Соединетите Американски Држави, а уште поважно од Руската империја, која се поистоветуваше со Азија. По Октомвриската револуција овој страв се зголеми и нараснаа аспирациите за политичко единство. Факт од европската историја е дека замислите за единство секогаш израснуваа како одговор на некоја закана однадвор - барем до 1918. Сепак, дури и во дваесеттиот век освен федералните замисли на неколку маргинални интелектуалци, никогаш не постоеше сомнеж дека единството мора да биде минимална и едноставна политичка соработка заради превенција од војна и обезбедување на економски напредок. Со појавата на ЕЕЗ овој сон беше остварен во една суштински економска организација.

Третиот израз на идејата за транснационална заедница беше идејата за светска заедница. Таа датира уште од Француската револуција и од Кантовиот поим за космополитска влада. Најдолга традиција на идејата за светска заедница е Декларацијата за универзалните човекови права. Светската заедница исто така е инспирирна од потребата за мир и како спротивставување на насилството. Така, ЕЕЗ првично беше оправдувана како надминување на наследството на фашизмот и како помош во консолидирањето на мирот - посебно меѓу Франција и Германија - преку економска и политичка соработка. Политичката мотивација за задржување на СССР се разбира беше дел од ова. Со преобразбата на Европската економска заедница во Европска заедница и евентуално во Европска унија, прашањето за интеграцијата дојде на преден план наместо прашањето за меѓудржавна соработка. Сепак, останува прашањето за видот на моделот на интеграција кој лежи зад новиот проект. Дали тој има општествена димензија?

2.6 Назначувајќи ги четирите централни димензии на групното членство или на заедништвото - политичката, културната, социјалната и транснационалната - сега сакам да

испитам како тие служат за конструирање на еден подлабок вид на европска интеграција од таа на која упатува едноставната меѓудржавна соработа. Сепак, пред да го направам тоа, во следниот дел ќе назначам три сфаќања за европската интеграција, докажувајќи дека овие сфаќања денес се во основа излишни, но не се заменети со нова рамка. Резултатот е една фундаментална нејаснотија како во интелектуалната, така и во политичката дебата за општествената димензија на европската интеграција.

## Три сфаќања за европската интеграција

3.1 Од 1980-тите европската економска и политичка соработка на наднационално ниво започна да добива форма на интеграција. Сé до 1980-тите, во основа, постоеја три сфаќања за Европа како политика. Доминантно беше реалистичкото, сфаќање, кое го споделуваа повеќето држави членки и кое на проектот за европската интеграција гледаше како на зголемување на сувереноста на националните држави, а не како на нејзино намалување. Како што укажав, ова сфаќање беше поврзано со прилагодувањето на околностите присутни при крајот на Втората светска војна: потребата од решавање на германскот проблем, за осигурување на долготраен мир меѓу Германија и Франција и потребата за задржување на СССР. Европската интеграција како политички проект беше дел од воениот и политички систем создаден од Студената војна. За таа цел, економската соработка беше согледувана како главна. Со слабеењето на сеќавањата на војната и со нормализирањето на структурите на Студената војна, економските императиви, подгреани од поствоениот бум, нагласено се пробиваа на сцената, а политичката димензија за извесно време беше тргната настрана. Тогаш прво и доминантно место имаше проект за спасување на националната држава, да го употребиме терминот на Милворд (1992). Клучна идеја која стои во основата на оваа постара реалистичка филозофија е соработката. Според ова сфаќање само државите се реални и затоа наднационалната политика не може да биде ништо друго освен односи меѓу држави.

3.2 Второ сфаќање за европската интеграција беше федералната визија за обединувањето. Него го изразуваа идеите на Денис де Рожмон (1966), кој веруваше дека Европа е културна и политичка целина и целина која е израз на нејзината античка историја. Тој беше убеден дека оваа подлабока идеја за обединувањето ќе надвладее над националниот проект во креирањето на федерална Европа. Оваа визија за Европа во основа претставува репродукција на европско ниво на проектот од доцниот деветнаесети век за градење на националната држава. Нема сомнение дека оваа визија најмногу ја одржуваа маргинални интелектуалци, иако интелектуалци кои беа влијателни. Сепак, нема евиденција која би можела да сугерира дека ваквите прагматични концепции за единството на Европа се изразија во некоја конкретна политика. И покрај тоа, јас верувам - како што покажува често цитираниот исказ на Жан Моне дека, ако тој би можел да започне уште еднаш би започнал со културата - дека овие идеи послужија како еден вид на заднинска идеологија за инаку културно дефицитниот проект за интеграцијата. Затоа, не е за изненадување тоа што концептот за културата во европската интеграција остана многу матен и што често беше сфаќан како духовна идеја, на што укажуваат делата за "духот на Европа", на пример, Јаспер (1947), Хусерл (1965), Патока (1973) и Кундера (1984).

3.3 Теретата перспектива на европската интерација се појави во 1980-те. Таа е нешто помеѓу федералистичката визија за една обединета европска нација и реалистичкиот модел на соработка. Овој модел, кој е поризвод на еден сè поглобален светски поредок, ја гледа европската интеграција како нешто повеќе од едноставна соработка меѓу автономните и во голем мера суверени национални држави. Може да се каже дека овој модел ја опфаќа идејата за Европа како регулаторен поредок, како различен од едноставната соработка или од унификацијата (Majone, 1996). Во овој функционалистички модел националните држави предаваат дел од својот суверенитет со цел да преживеат во околностите на глобализацијата (Milward, 1993). Накратко, глобализацијата е околност која денес ја заменува потребата за мир во оправдувањето

на европската интеграција. Нема сомнение дека наднационалното владеење повеќе ѝ служи на државата отколку што ја поткопува неа, бидејќи тенденцијата е државата да ги предава само оние димензии на владеењето за кои таа е помалку опремена да ги врши. Значи, наднационалното ниво ги презема дисфункционалните аспекти на националните власти и, со тоа, придонесува за системска репродукција во создавањето на пофункционален надгледен систем кој оперира на подруги нивоа. Оттука, прогласувањето на крајот на државата може да се покаже како преурането. (Dunn, 1995; Hirst and Thompson, 1996). Оваа тенденција се покажува како движење во насока на повеќеслојна политика во која суверенитетот се споделува на многу нивоа (Maier, 1987; Taylor, 1991; Kooiman, 1993; Castells, 1998). Со несигурниот статус на чисто кооперацискиот модел, сега проблемот на европската интеграција се согледува во потребата за артикулација на одреден степен на социјална интеграција и културна кохезија. Постои раширена загриженост од можноста европската интеграција да пропушти да се справи со општествената интеграција и со прашањата кои навлегуваат во нејзината демократска легитимација, проблеми кои не постоеја во претходните децении кога националните држави беа надмоќни и единствени играчи (Hoffman and Keohane, 1991; Chryssochoou, 1994; Marquardt, 1994; Haarland Matlary, 1995). Додека регулацискиот модел отстапува од првиот по тоа што согледува дека времето на класичната национална држава е одминато, тој сепак не ја прифаќа целосно федералистичката визија бидејќи, во основа, барем кога станува збор за политичкото одлучување, политичката култура на националната држава ја гледа како единствен систем кој е кадарен наднационалната политика да ја снабди со систем за легитимација и со идентитет. Сепак, постои раширена несигурност во врска со односите меѓу регулацијата и интеграцијата.

3.4. Со сѐ понагласеното слевање меѓу регулацискиот модел и проектот за општествената конвергација, се вратија старите прашања на класичната социологија: како е можен општествениот поредок? Каква е колективната претстава за Европа? Како е можно легитимното владеење? Која е основата на општествената

интеграција? Со преобразбата на транснасионалната политика во социјална, политичка и културна рамка и во проектот за градење на институции кој не е поинаков од оној од класичниот период на градењето на националната држава, ние повторно го поставуваме прашањето за тоа што сочинува една општествена група и кои се димензиите на групното членство. Да погледнеме до кој степен европската интеграција релизира една специфично европска смисла за заедништво која би можела да биде основа за општествената интеграција.

## Дали постои европско заедништво?

4.1. За да се справиме со прашањето дали политичката култура на Европската унија може да биде основа на чувство на групна припадност, ќе се вратам на четирите димензии: демосот, етницитетот, општественото и космополитиското кои ги утврдив понапред. Според мене, овие концепти најчесто се позајмувани од моделот за групното членство кој се поврзуваше со националната држава и, како такви, применети на нешто како европско "заедништво", стануваат длабоко проблематични. Сепак, наместо отфрлање на проектот за конституирање на специфично европско чувство за заедница, јас ќе се обидам да посочам на еден алтернативен модел.

## Европскиот демос

4.2 Одговорот на прашањето дали постои европски демос најчесто е негативен. Политичкото заедништво сеуште е скоро сосема национално. Да ги земеме трите централни димензии како граѓанственоста, суверенитетот и демократијата кои се основите на политичкото заедништво.

4.3 Унијата, се разбира ја институционализираше европската граѓанственост, но таа е дериват од националната граѓанственост. Иако е многу веројатно дека таа во иднина ќе се проширува, највпечатлива карактеристика на овој вид на граѓанственост е дека таа е целосно кодифицирано во смисла на многу формалистички

права. Очигледно е отсуството на партиципативната димензија во сегашната форма на европскиот демос, кој се покажува дека е заснован во голема мера на либералистичко-плуралистичкото разбирање на граѓанските права. Се разбира, ова е секогаш случај со глобалната граѓанственост: колку што граѓанственоста станува поекспанзивна, толку станува поформализирана и помалку содржинска. Така, глобалната граѓанственост станува работа на транснационалните човекови права кои често пати ја надминуваат националната граѓанственост. Главен дефицит на постоечката литература се токму импликациите на глобалната или транснационалната граѓанственост за партиципативната граѓанственост.

4.4. Како што беше посочено, суверенитетот сеуште во основа е во рацете на националните држави кои се главни актери на интернационалната сцена. Дури може да се докажува дека како резултат на европската интеграција моќта на државата се зголеми, а не се намали, поради тенденцијата на Унијата од државата да ги преземе оние функции кои државата ги врши помалку добро, односно регулацијата на финансиските пазари и меѓународната трговија. Сепак, не е спорна огромната преобразба на суверенитетот, што посочува на формирањето на повеќеслојна политика (Close, 1995; Delanty, 1997a; Castells, 1998). Во овој контекст, прашањето за федерализмот е многу важно, но шансите на Унијата да стане федерација се намалени поради фактот дека многу од конститутивните единици, т.е. државите членки и самите се внатрешно федерализирани, додека други (на пример Велика Вританија и Ирска) се силно централизирани. Ова воведува во комплексните односи на суверенитетот кои идејата за унитарен европски демос ја прават неверојатна.

4.5На крајот, во врска со демократијата се појавува проблемот со легитимизацијата. Како се легитимира моќта во Унијата? Типот на демократија кој е институционализиран во Унијата е повеќе од видот картел демократија отколку демократија поврзана со граѓанственоста. Националните влади се легитимираат преку изборниот систем и се ополномоштени да

го претставуваат електоратот во Унијата кој не практицира значително директно влијание и кој, најмногу што може да се рече, е ограничен одредувач на агендата (Tseblis, 1994). Европскиот парламент, на пример, не е суверен на начин на кој тоа се националните парламенти, а Советот на министри има, релативно зборувајќи, апсолутна моќ. Резултатот е широката дискусија за демократскиот дефицит.

4.6 Сè заедно, може да речеме дека европскиот демос постигнал ниско ниво на граѓанска партиципација, висок ниво на демократски дефицит и не го има решено проблемот на суверенитетот. Нема потреба да се каже дека со ова не се сугерура дека националните влади во однос на овие прашања стојат исклучително подобро (Judge, 1995).

## Европскиот етницитет

4.7 Одамна е познато дека на европската интеграција и недостасува културна димензија која би била споредлива со онаа на националните држави. На Европа ѝ недостасуваат суштинските елементи на националната култура: јазикот, споделената историја, религијата, образовниот систем и печатот или медиите. Јазикот е главната пречка. Со неколку исклучоци јазикот беше клучниот елемент во формирањето на националната култура од доцниот деветнаесетти век наваму. По слабеењето на латинскиот, од средниот век, не постои заеднички европски јазик. Се разбира, глобализацијата на културата доведува до општосветско распространување на англискиот јазик, но таа доведе до релативно засилување, барем во Европа, и на германскиот и до слабеење на францускиот јазик. И покрај тоа што бројот на луѓето во професиите кои зборуваат повеќе од еден јазик е сè поголем, нема да постои еден европски јазик како таков. Еден етницитет не може да се конструира врз основа на една полиглотска елита. Религијата, очигледно, не е критериум за европскиот идентитет и не постои сеќавање за споделено чувство на историја. Да се разбереме, христијанството еднаш послужи за обединување на континентот, но по расцепот меѓу западното латинско христијанство и источното православие во раниот среден век, како и последователниот расцеп внатре во западното христијанство со реформацијата, религијата

престана да се совпаѓа со европскиот идентитет. Европската историја е историја на големи поделби. Секој обид за обединување на континентот резултирал со уште поголеми поделби (Delanty, 1995a; 1996a: Fontana, 1995). Како што докажува Дерборн (1995: стр. 233-6), секаде каде што преостануваат одзивите од христијанството, многу е веројатно тие да бидат изопштувачки. Така Милан Кундровото изедначување (Milan Kundera 1984) на духот на Европа со (римо катиличкото) христијанство служеше само за исклучување на оние делови од континентот чија историја беше повеќе обликувана од други традиции.

4.8. Културната интеграција на националните општества беше, исто така, многу зависна од националните образовни програми кои обезбедуваа универзална културно референтна рамка. Европа нема таква рамка, освен некои програми за културна размена (Wintle, 1996). Таквите програми се засновани на премисата за привремена и субвенционирана подвижност, што не беше случај со градењето на националните држави во минатото, кога подвижноста често беше принудна и врзана со индустријализацијата.

4.9. Обидите да се создаде европски етницитет преку медиумската политика не изгледаат особено импресивни кога ќе се споредат со сеуште надуените национални пресови и медиуми. Обидите кои се направени за создавање чувство на европски идентитет преку повикување на високата култура или на културната оставнина се многу екстензивни, но таквите напори имаат мал одзив во јавноста. Кој е заинтересиран за 'духот на Европа' кога станува збор за прашањата за иднетитетот? Исто така, постои нагласена тенденција за комбинирање на културната идеја со идентитетите. Во најдобар случај, европскиот етницитет се појавува околу високо подвижните елити и потрошувачите на културното наследство.

4.10. Според моето согледување, единственото позначајно чувство на европски етницитет се појавува околу артикулацијата на европскиот идентитет заснован на изопштувањето. Расте

чувството за потребата за изразување на еден идентитет на исклучување, на наднационалност, кога како нагледна точка е неевропското. Несигурни за било какви заеднички елементи и свесни за политичкиот вакум во институциите на настанувачката политика, Европејците изумуваат еден етницитет на изопштување. Општо, значи, има малку нешто што сугерира дека Европа има основа за содржински идентитет заснован на чувство за културно заедништво.

## Европско општество

4.11. Дали постои европско општество? Што е општествено во проектот за општествена интеграција? Интересот на социологијата за ова прашање расте (Giner, 1993; Schlesinger, 1994; Therborn, 1995, 1997). Штом одново го употребуваме конвенционалниот критериум позајмен од националната држава, ние пак ќе дојдеме до песимистички заклучок. Специфично општествената димензија е речиси целосно пазарно гонета, и во смисла на стоки, и во смисла на труд. Европската интеграција го засили протокот на стоки и го направи трудот многу пофлексибилен. Но, отаде светот на потрошувачката и на работата, специфичното европско ниво има само малку нешто што може да се спореди со националните општества.

4.12. Што би можело да биде принцип на интеграцијата? Има извесни аргументи да се сугерира дека Унијата создава еден вид на консензус заснован на вклучување преку работа, особено подвижноста на трудот. Еден од начелните изрази на консензусот во повоениот период беше втемелен на создавањето држави на благосостојба. Сепак нема ништо споредливо со ова на европско ниво. Уште поважно од отсуството на социјалната граѓанственост на европско ниво е тоа што на национално ниво државата на благосостојба, иако не е на својот крај сепак доживува сериозни рестрикции, развоен процес што е несомнено поврзан со порастот на национализмот во државите членки. Државата на благосостојба беше основа на одреден консензус и обезбедуваше социјална стабилност во државите членки во поголемиот период на втората

половина на дваесеттиот век. Бидејќи не постои европски еквивалент на ова, не може да има европско општество во конвенционална смисла на зборот 'општество', како социјален домен, како што го одредуваше Диркем, на пример.

## Светска заедница

4.13. На крајот, има малку што би можело да сугерира дека Европа е посветена на светското заедништво во смисла на една космополитска етика на глобална граѓанственост. Силната нагласка на изопштувањето и на градењето на менталитет на 'тврдини', како што често се забележува, е централно на нејзиниот сегашен проект, исто како и силното непријателство кон 'источна' Европа (Burgess, 1997). Безбедносната агенда, како и затегањето на граничните контроли се чини дека е поцентрално одколку преокупацијата со човековите права, на пример. Како и да е, има една област која е потенцијална за Унијата што ја преобрази националната граѓанственост, иако во целина таа остана на маргините (Meehan, 1993) и, исто така, даде допринос за постнационалната граѓанственост на имиграните (Soysal, 1994).

4.14. Ако европската интеграција не успева во создавањето на демос, етницитет и општествена димензија и ако нејзината посветеност кон светската заедница е слаба, тогаш, што ни останува? Дали постои некој алтернативен концепт за општественото кој може да биде порелевантен за европската интеграција или ние треба да сме задоволни со еден чисто регулативен модел за Европа? Мојот досегашен заклучок е дека сé додека нашите хоризонти се омеѓени од постојните интелектуални категории на класичната социологија и на политичката рамка на националната држава, европската интеграција може да биде само регулативен поредок и не може да биде основа за изворна општествена интеграција. Дали ова значи дека ние треба да го омеѓиме европскиот проект на регулативните механизми и да го напуштиме истражувањето за интеграција? Во наредниот дел на оваа статија, јас ќе ја разгледам можноста за постигање на одреден степен на интеграција внатре во регулативниот поредок.

## Во потрага по општественото: Една алтернативна визија

5.1. Во претходниот дел докажував дека сè додека Европската унија продолжува да се темели врз проектот за репродукција на рамката на националната држава на наднационално ниво, таа е осудена на неуспех поради горенаведените причини, како и покрај дополнителната причина дека националната држава, токму поради европската интеграција и поради поширокиот процес на глобализација, самата веќе минува низ далекусежни внатрешни промени. Со други зборови, нема смисла да се репродуцира на наднационално ниво еден модел кој и самиот е веќе во криза на национално ниво. Овде нема да влегувам во дебата, освен што ќе забележам дека според моето сфаќање, поважно е да се институционализира едно политичо заедништво за учество на регионално и на локално ниво отколку за наднационално ниво кое е дизајнирано за друг вид на политики. Ќе назначам некои разработки во поновата општествена теорија кои посочуваат на новата концептуализација на општественото и кои може да се соодветни за европската интеграција.

5.2. Една впечатлива разработка од поново време е оттргнувањето од општеството. Ова се покажува со големата популарност на комунитаристичката политичка филозофија, која донесе оживување на концептот заедништво (Etzioni, 1995). Застапниците на постмодернизмот, исто така, се свртеа кон заедницата како постопштествена форма на групен идентитет (Delanty, 1998c). Поинаку од комунитаристичкиот концепт за заедништвото - кој сака да ги фузира демосот и етницитетот - постмодерниот-хајдегерски пристап се застапува за 'заедништво без единство', заедништвото како отвореност за комуникација и во која различноста е призната (Blanchot, 1988; Nancy, 1991; Corlett, 1993; Maffesoli, 1996). Освен тоа, постмодерниот концепт за заедништво не е заснован на идејата за традицијата, која сеуште е резидуална категорија во комунитаристичката филозофија. Идејата за заедништвото која се појавува во едни и други дела е идеја за една рамка за плуралност и за дотоци на комуникација, и може да биде основа за законска рамка (Cotterrell. 1995).

5.3. Комунитаристичката концепција за заедништвото има голем одзив во Северна Америка, каде традицијата на политичкото заедништво била најсилна. Во Европа искушението со заедништвото е различно. Иако има малку што би можело да сугерира дека администраторите на ЕУ се под влијание на постмодерните концепти, идејата за заедништво оттаде традицијата е многу релевантна за проектот за заедништво оттаде државата кој го претполага европската интеграција (Linklater, 1990; Tassin, 1992). Јас мислам дека најважното прашање овде се однесува на заедништвото како доток на информации. Според мене, оваа концепција за комуникацијата ни допушта да ја одбегнеме темата за "крајот на општественото".

5.4. Теоријата за комуникацијата како форма на дејствување е предложена од Јирген Хабермас (1992, 1992b, 1994a, 1996b, 1997, 1998), кој докажува дека Европа мора да институционализира постнационална граѓанственост, заснована врз граѓанското заедништво чии граѓани се комуникативно компетентни. Моделот на граѓанственост кој е фундаментален за неговото дело е таков што на централно место ја става комуникацијата. Според неговото сваќање, европската интеграција мора да создаде не демос средоточен на држава, туку дискурзивни простори, јавни сфери за дебата. Ваквата јавна сфера "мора да биде отелотворена во контекстот на политичка култура, која ја вреднова слободата и да биде поддржана од либерланите структури на граѓанското заедништво" (Habermas, 1997: p. 263). Според неговото сфаќање, ова наложува јавна комуникација која ги надминува границите на националната држава и нејзините јавни сфери. Само комуникативно-теориско разбирање на демократијата е соодветно за денес. Значи, треба да се отфрлат либерлано-плуралистичкиот модел (кој се потпира на преформалистичкиот концепт за правата) и републиканско-комунитарниот модел на строга демократија (кој му прави премногу отстапки на етницитетот, а целосното учество е проблематично во високо комплексните општества). Комуникативната демократија, или како што претпочита Хабермас, 'дискурзивната демократија', е таква што не е лоцирана

ниту во државата (вклучувајќи ја територијата) ниту во културното заедништво (вклучувајќи ја традицијата и историјата), туку во дискурзивните простори на граѓанското заедништво. Во неговиот модел, дискурзивните основи на политиката се поважни од активното учество во одлучувањето, што може да биде нереалистично во високо комплексните општества и особено на транснационално ниво.

5.5. Од една многу нормативна и филозофска гледна точка, Јас верувам дека Хабермасовиот концпет за дискурзивната демократија заснован на комуникативните простори е можен модел за европската интеграција. Но, како може овој филозофски модел да се поврзе со конкретни разработки? Дали тој може да биде поврзан со една општествена димензија во настанување? Ова ќе го разгледам во последниот дел од статијата.

## Заклучок:
## Општеството на знаење и европската интеграција

6.1. Во заклучокот на третиот том на *Информатичката ера* (Manuel Castells 1998) идејата за мрежното општество, оригинално зацртана во првиот том, ја применува врз европската интеграција (Castells 1996). Мрежното општество нема центар, туку јазли, кои може да бидат од различни големини и може да бидат поврзани со асиметрични врски во мрежата. Така, мрежата е една отворена структура која се протега во различни насоки. Тоа не е фунцкионално интегрирано тело со централен принцип на организација кој е суштински за неговиот опстанок. Според Кастелс засебна карактеристика на мрежата која сега се појавува е што таа се формира преку глобалната дифузија на информации: мрежното општество е информациско општество. Освен оваа интересна сугестија Кастелс (1998: pp. 332) не го развива понатаму неговиот поим за тоа како европската интеграција може да биде сфатена како мрежно општество. Тој едноставно напоменува дека европската политика најверојатно ќе се карактеризира со повеќе нивоа на моќ. Како мрежна состојба, власта ќе се споделува меѓу различни точки во мрежата.

6.2. Идејата за мрежното општество нé принудува да го промислиме концпетот на општествена промена. Класичниот модел за промената, кој беше под вилјание на митот од деветнаесеттиот век за прогресот - за што сведочат делата на Маркс, Спенсер, Диркем, Вебер и Парсонс - претпоставуваше линерарен модел на промена во кој општествата се менуваат од една состојба во друга. Така, времето е континиум низ кој минуваат општествата. Сегашниот модел на промени, кој најдобро се означува како 'преобразба', помалку зборува за историски или епохален 'преод' отколку за повеќенасочни дотоци на информации.

6.3. Според моето сфаќање, истакнувањето на дифузијата на информациите е вредна, но ние мора да го надминеме пренагласувањњто кое го прави Кастелс. Несомнено е дека проширувањето на информатичките технологии на комуникација ги преобразува економските односи и отвора цел спектар нови социјални и културни можности, но јас мислам дека во можностите на комуникацијата има нешто повеќе отколку што сугерира донекаде технократската идеја за иноформациите.

6.4. Би сакал внимателно да заклучам со укажување дека поимот 'општество на знаењето" може да биде посоодветен модел за разбирање на општествената димензија на европската интеграција, но за 'општественото' со разлика. Идејата дека живееме во општество на знаење стана централна во поновата социологија (Böhme and Stehr, 1986, Stehr, 1992; Melucci, 1996; Böhme, 1997; Delanty, 1997b; 1998a; 1998b). Во социологијата на Ален Турен (Alain Touraine 1977) наоѓаме еден од најелаборираните обиди за теоретизирање на слевањето на знаењето, културата и производството. Општеството на знаењето е нешто повеќе од информациско општество кое претставува примена на технологијата во производството. Знаењето се однесува на пошироките сознајни можности на општеството да се толкува себеси и да си замисли алтернативи. Под знаење јас подразбирам она што доцниот Корнелиус Касторијадис (Cornelius Castoriadis, 1987) го нарекува 'имагинативна институција на општеството":

способноста на општеството сознајно да се толкува себеси. Оттука, прашањето е дали постои таква имагинативна димензија во европската интеграција. Ако постои, таа не може да биде според насоките на Диркемовата колективна претстава, бидејќи таа претпоставуваше репродукција на националното општество на европско ниво, а освен тоа беше сфаќана низ вредносни термини.

6.5. Мојата анализа во оваа статија ја покажува јаловоста на преместувањето на конвенционалните концепции за општествената интеграција, позајмени од националната држава на европското ниво: Европа не е ниту политичка ниту куклтурна заедница, а ниту е таа опшетство во конвенционална смисла на терминот заснован на принципот на консензус. Ова води до заклучок дека ако Европа не може да биде 'стварна' заедница тогаш веројатно може да стане 'виртуелна'. Ова виртуелно опшетство не е конституирано како систем од вредности, туку како дискурзивна рамка. Европа не може да стане демократија во смисла да биде заснована на граѓанско учество. Во услови на општествена комплексност, веќе не можеме да го земаме за зададен моделот на демократска партиципација на наднационално ниво. Има мала смисла да се држиме до модел кој веќе ги достигнал своите историски граници на национално ниво и да се очекува дека тој ќе го реши демократскиот дефицит на европско ниво. Ова исто така се однесува на идејата за културното заедништво: бидејќи под услови на мултикултурализам и културна разнообразност - чие исчезнување би било и невозможно и непосакувано, а освен тоа и опасно - Европа не може да биде заснована на културно заедништво. Според моето сфаќање, со оглед на испуштањето на демосот и етницитетот на европско ниво, предизвик за натамошната општествена преобразба е да се испита како принципот на дискурзивност може да се изрази низ европската интеграција. Во овој контекст, централно прашање е она за статусот и улогата на знаењето.

6.6. Во моментот нема нешто специфично во проектот за Европа како општество на знаењето во настанување. Во 1993 година Европската комисија објави Бела книга за информациската

економија, како и Бангермановиот извештај од мај 1994 сосредоточен на поширoката идеја за информациското општество и потребата за широк пакет од политики во врска со економските, социјалните, културните и техничките области. Оттогаш, Унијата ја поттикнува дискусијата за управувањето и за граѓанственоста во 'виртуелната заедница' со проекти за електорнска комуникација меѓу владите и граѓаните (види Bellamy and Tayler, 1998). Сепак,вaквите мерки, кои се сеуште на ниво на формирање на политика, се минимални и во овој момент не е веројатно дека Унијата може да се натпреварува за информациското општество кое е под доминација на САД. Пробивите во сферата на образованието, како што е програмата Сократес за подвижност на студентите и на академскиот персонал се, веројатно важни, но не прават информациско општество.

6.7. Како што докажував, информациското општество е пошироко од информацијата и се однесува на самото културно саморазбирање на општеството. На кој начин Европа може да стане општество на знаењето? Дали е можно да се создаде граѓанско заедништво засновано на знаењето?

6.8. Сваќајќи го Хабермасовиот поим за комуникацијата како дискурзивен може да согледаме дека знаењето денес нагласено добива форма на *оспорено знаење*, во однос на прашања како што се групните граници и во однос на фундаменталните кодови на групното членство, но и во однос на прашањата кои се однесуваат на научната експертиза. Така, она што е посебно за сегашните форми на колективни идентитети е нивната можност да ги оспорат постојните социјални рамки и културни кодови. На културата на ривалство во политиката на идентитетот единствено ѝ се конкурентна онаа во производството на знаење пошироко. Двете делат една способност за пројавување на моќ за дефинирање на стварноста. Во општеството на ризик, знаењето е прашање на ривалство и на делегитимизација на експертизата. Ова може да се види на такви примери како АИДС, болеста на лудите крави, радиоактивноста, биотехнолошките пробиви како клонирањето,

медицинската етика и неорологијата, кои го отворија сциентизираното знаење кон јавната проверка, со што се поврзаа дискурсите за природата, за науката, за законот и за политиката. Овие случаи се, исто така, интересни бидејќи степенот на оспорување го пробива културнот модел на самото општество, а дискурсите поврзани со ваквите прашања не се контролирани од ниту еден општествен чинител. Играчи се организираните интереси, професионалните тела, оние кои одлучуваат, регулаторните тела, масмедиумит, социјалните движења. Во одсуство на клучен општествен чинител, како општествен посредник, во споровите се поважна станува јавноста, со што ги доведува во прашање самите фундаменти на сознајните и културните структури на општетсвото. Во вакви околности моделот на едногласност се заменува со модел на неслога, во кој социјалните движења стануваат сѐ посредишни (Tarrow, 1995).

6.9. Со цел да се сообразиме со големата значајност на ваквите пробиви, ние мораме да согледаме дека знаењето, исто така, станува медиум на културно искуство: ние ја доживуваме општествената стварост сѐ повеќе и повеќе преку сознајните рамки. Ова е тоа што се подразбира под терминот 'општество на знаењето', термин за кој јас сметам дека е посоодветен од изразот 'информациско општество' (со неговото претесно инструменталистичко сфаќање на знаењето). Како водечки застапник на тезата за 'општеството на знаењето'. Гермот Бојме (Germot Böhme, 1997, стр. 461) вели: "Човековото општество како културно заедништво во основа се состои од фактот дека создаденото знаење на останува индивидуално, туку преку симболизацијата и формирањето на правила станува постојано достапно на другите, тоа значи, знаењето станува културен капитал". Во ваквото слевање меѓу културата и знаењето, се ослободуват политиките на идентитетот. Оттука, прашањето дали новиот дискурзивен простор може да биде каптиран за демократијата е од голема важност. Вројатно ова може да стане предизвик за европската преобразба.

**Упати**:


ANDERSON, B. (1984) *Immaginary Communities.* London: Verso.

BAUBOCK, R. (1994) *Transnational Citizenship: Membership and Rights in International Migration.* Aldershot: Edgar Elgar.

BELLAMY, C. and TAYLOR, J. (1998) *Governing in the Information Society.* London: Sage.

BLANCHOT, M. (1988) *The Unavowable Community.* Barrytown, NY: Station Hill Press.

BODEI, R. (1995) 'Histrorical Memory and European Identity', *Philosophy and Social Criticism,* vol. 21, no. 4, pp. 1 - 13.

BOHME, G. (1997) 'The Structures and Prospects of Knowledge Society', *Social Science Information,* vol. 36, no. 3, pp. 447 - 68.

BOHME, G and N. STEHR (editors) (1986) *The Knowledge Society.* Dordrecht: Reidel.

BRUBAKER, R. (1989) *Immigration and the Politics of Citizenship in Europe and North America.* New York: American University Press.

BRUBAKER, R. (1992) *Citizenship and Nationhood in France and Germany.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

BURGESS, A. (1997) *Europe: The New Domination of the East.* London: Pluto.

BURGRESS, M. (1989) *Federalism and the European Union.* London: Routledge.

CASTELLS, M. (1996) *The Rise of the Network Society.* Oxford: Blackwell.

CASTELLS, M. (1998) *End of Millenium.* Oxford: Blackwell.

CASTORIADIS, C. (1987) [1975] *The Imaginary Institution of Society.* Cambridge: Polity Press.

CESARNI, D. and FULBROOK, M. (editors) (1996) *Citizenship, Nationality and Migration in Europe.* London: Routledge.

CERUTTI, F. (1992) 'Can there be a Supranational Identity?' *Philosophy and Social Criticism,* vol. 18, no. 2, pp. 147 - 62.

CHRYSSOCHOOU, D. (1994) 'Democracy and Symbiosis in the European Union: Towards a Confederal Consociation', *West European Politics,* vol. 17.

CLOSE, P. (1995) *Citizenship, Europe and Change.* London: Macmillan.

CORLETT, W. (1993) *Community Without Unity: A Politics of Derridian Extravagance.* Durham: Duke University Press.

COTTERRELL, R. (1995) *Law's Community.* Oxford: Clarendon.

DAVIS, H. and ROOTES, C. (editors) (1994) *A New Europe? Social Change and Political Transformation.* London: UCL.

DELANTY, G (1995a) *Inventing Europe: Idea, Identity, Reality.* London: Macmillan

DELANTY, G (1995b) 'The Limits and Possiblity of a European Identity: A Critique of Cultural Essentialism', *Philosophy and Social Criticism,* vol. 21, no. 4, pp. 15 - 36.

DELANTY, G (1996a) 'The Frontier and Identities of Exclusion in European History', *History of European Ideas,* vol. 22, no. 2, pp. 93 - 103.

DELANTY, G (1996b) 'The Resonance of Mitteleurope: A Habsburg Myth or Antipolitics?', *Theory, Culture and Society,* vol. 13, no. 4, pp. 93 - 108.

DELANTY, G (1997a) 'Models of Citizenship: Defining European Identity and Citizenship', *Citizenship Studies,* vol. 1, no. 3, pp. 285 - 303.

DELANTY, G (1997b) *Social Science: Beyond Constructivism and Realism.* Buckingham: Open University Press.

DELANTY, G (1998a) 'The Idea of the University in the Global Era: From Knowledge as an End to the End of Knowledge', *Social Epistemology,* vol. 10, no. 1.

DELANTY, G (1998b) 'Rethinking the University: The Autonomy, Contestation and Reflexivity of Knowledge', *Social Epistemology,* vol. 10, no. 1.

DELANTY, G: (1998c) 'Reinventing Community and Citizenship in the Global Era: A Critique of the Communitarian Concept of Community' in E. Christodoulidis (editor) *Communitarianism and Citizenship.* Aldershot: Ashgate.

DERRIDA, J. (1992) *The Other Heading: Reflections on Today's Europe.* Bloomington: Indiana University Press.

DUNN, J. (editor) (1995) *Contemporary Crisis of the Nation-State.* Oxford: Blackwell.

DURKHEIM, E. (1915) [1912] *The Elementary Forms of The Religious Life.* London: Alan & Unwin.

DURKHEIM, E. (1938) [1895] *Rules of Sociological Method.* New York: Free Press.

DURKHEIM, E. (1960) [1893] *The Division of Labour in Society.* Glencoe, Ill: Free Press.

DURKHEIM, E. (1972) [1889] 'Review of Tönnies' *Gemeinschaft und Gesellschaft*' in A. Giddens (editor) *Emile Durkheim: Selected Writings.* Cambridge: Cambridge University Press.

DURKHEIM, E. (1975) [1897] *Suicide: A Study in Sociology.* London: Routledge and Kegan Paul.

ETZIONI, A. (1995) *The Spirit of Community.* London: Fontana Press.

FONTANA, J. (1995) *The Distorted Past: A Reinterpretation of Europe* Oxford: Blackwell.

FRISBY, D. and SAYER, D. (1986) *Society.* London: Routledge.

GARCIA, S. (editor) (1993) *Europe and the Search for Identity.* London: Pinter.

GELLNER, E. (1983) *Nations and Nationalism.* Oxford: Blackwell.

GINER, S. (1993) 'The Rise of a European Society', *Revue europeenne des sciences sociales,* vol. 31.

HABERMAS, J. (1992a) 'Autonomy and Solidarity' in P. Dews (editor) (revised edition) *Interviews with Jürgen Habermas.* London: Verso.

HABERMAS, J. (1992b) 'Citizenship and National Identity: Some Reflections on the Future of Europe', *Praxis International,* vol. 12, no. 1, pp. 1 - 19. [Republished in Habermas, 1996a].

HABERMAS, J. (1994a) 'Europe's Second Chance' in M. Pensky (editor)*The Past as Future.* Cambridge: Polity.

HABERMAS, J. (1994b) 'Struggles for Recognition in the Democratic Constitutional State', in A. Gutmann (editor) *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition.* Princeton: Princeton University Press.

HABERMAS, J. (1996a) *Between Facts and Norms: Contributions to a Discourse Theory of Law and Democracy.* Cambridge: Polity.

HABERMAS, Jürgen (1996b) *Die Einbeziehung des Anderen: Studien zur politischen Theorie.* Frankfurt: Suhrkamp.

HABERMAS, J. (1997) 'Reply to Grimm' in P. Gowan and P. Anderson (editors) *The Question of Europe.* London: Verso.

HABERMAS, J. (1998) *A Berlin Republic: Writings on Germany.* Cambridge: Polity.

HAARLAND MATLARY, J. (1995) 'New Forms of Governance in Europe?', *CoOperation and Conflict,* vol. 30, no. 2, pp. 99 - 123.

HINDESS, B. (1998, forthcoming) 'Divide and Rule: The International Culture of Citizenship', *European Journal of Social Theory,* vol. 1, no. 1.

HIRST, P. and G THOMPSON (1996) *Globalization in Question.* Cambridge: Polity Press.

HOBSBAWM, E. (1991) *Nations and Nationalism since 1780.* Cambridge: Cambridge University Press.

HOFFMANN, S. and KEOHANE, R. (editors) (1991) *The New European Community.* Boulder: Westview.

HUSSERL, E. (1965) 'Philosophy and the Crisis of European Man' in *Phenomenology and the Crisis of Philosophy.* New York: Harper and Row.

JACOBSEN, D. (1997) *Rights Across Borders: Immigrants and the Decline of Citizenship.* Baltimore: Johns Hopkins University Press.

JASPERS, K. (1947) *Vom Europaeischen Geist.* Munich: Piper.

JUDGE, D. (1995)'The Failure of National Parliaments?', *West European Politics,* vol. 18, pp. 79 - 100.

KING, P. and BOSCO, A. (editors) (1992) *A Constitution for Europe.* London: Lothian Foundation Press.

KOOIMAN, J. (editor) (1993) *Modern Governance: New Goverment-Society Interactions.* London: Sage.

KUNDERA, M. (1984) 'The Tragedy of Central Europe', *New York Review of Books,* 26th April, pp. 33 - 8.

LEHNING, P. and WEALE, A. (editors) (1997) *Democracy and Justice in the New Europe.* London: Routledge.

LINKLATER, A. (1990) 'The Problem of Community in International Relations', *Alternatives,* vol. 25, pp. 135 - 53.

LISTER, R. (1998 forthcoming) 'Citizenship and Difference', *European Journal of Social Theory,* vol. 1, no. 1.

LUHMANN, N. (1990) *Political Theory and the Welfare State.* Berlin: Walter de Gruyter.

MacCORMICK, N. (1993) 'Beyond the Sovereign State', *The Modern Law Review,* vol. 56, no. 1, pp. 1 - 18.

MacCORMICK, N. (1996) 'Liberalism, Nationalism and the PostSovereign State', *Political Studies,* vol. 44, no. 3, pp. 553 - 67.

MACNEIL, W. (1986) *Poly-ethnicity and National Unity in World History.* Toronto: University of Toronto Press.

MAFFESOLI, M. (1996) *The Time of the Tribes.* London: Sage.

MAIER, S. (editor) (1987) *Changing Boundaries of the Political.* Cambridge: Cambridge University Press.

MAJONE, G. (1996) *Regulating Europe.* London: Routledge.

MARQUAND, D. (1994) 'Reinventing Federalism: Europe and the Left', *New Left Review,* no. 203, pp. 17 - 26.

MARQUARDT, P. (1994) 'Deficit Reduction: Democracy, Technocracy, and Constitutionalism in the European Union', *Duke Journal of Comparative and International Law,* vol. 4, no. 2, pp. 265 - 90.

MARSHALL, T. H. (1992) [1950] (T. Bottomore (editor))*Citizenship and Social Class.* London: Pluto Press.

MEEHAN, E. (1993) *Citizenship and the European Community.* London: Sage.

MELUCCI, A. (1996a) *Challenging Codes: Collective Action in the Information Age* Cambridge: Cambridge University Press.

MILWARD, A. (1992) *The European Rescue of the Nation-State.* London: Routledge.

MILWARD, A., SORENSEN, V. and RANIERI, R. (1993) *The Frontier of National Sovereignty.* London: Routledge.

NANCY, J.-L. (1991) *The Inoperative Community.* Minneapolis: Minnesota University Press.

PATOKA, J. (1973) *Platon et l'Europe* Largesse: Verdier.

PETERS, B. (1993) *Die Integration moderner Gesellschaften.* Frankfurt: Suhrkamp.

PREUSS, U. (1996a) 'Two Challenges to European Citizenship', *Political Studies,* vol. 44, no. 3, pp. 534 - 52.

PREUSS, U. (1996b) 'Prospects of a Constitution for Europe', *Constellations,* vol. 3, no. 2, pp. 209 - 24.

PREUSS, U. (1996c) 'The Political Meaning of Constitutionalism' in R. Bellamy (editor) *Constitutionalism, Democracy and Sovereignty: American and European Perspectives.* Aldershot: Avesbury.

RHODES, M. HEYWOOD, P. and WRIGHT, V. (editors) (1997) *Developments in West European Politics.* London: Macmillan.

ROCHE, M. (1992) *Rethinking Citizenship.* Cambridge: Polity.

De ROUGEMENT, D. (1966) *The Idea of Europe.* New York: Macmillan.

SCHLESINGER, P. (1994) 'Europe a New Battleground?' in J. Hutchinson and A. Smith (editors) *Nationalism.* Oxford: Clarendon Press.

SMITH, A. (1995) *Nations and Nationalism in a Global Era.* Cambridge: Polity.

SMITH, G. (editor) (1995) *Federalism: The Multicultural Challenge.* London: Longman.

SOYSAL, Y. (1994) *Limits of Citizenship: Migrants and Postnational Membership in Europe.* Chicago: Chicago University Press.

STEHR, N. (1992) *Knowledge Societies.* London: Sage.

STEWART, A. (1995) 'Two Conceptions of Citizenship', *British Journal of Sociology,* vol. 46, no. 1, pp. 63 - 78.

TARROW, S. (1995) 'The Europeanisation of Politics: Reflections from a Social Movement Perspective', *West European Politics,* vol. 18, no. 2, pp. 223-51.

TASSIN, E. (1992) 'Europe: a Political Community' in C. Mouffe (editor) *Dimensions of Radical Democracy.* London: Verso.

TAYLOR, P. (1991) 'The European Community and the State', *Review of International Studies,* vol. 17, pp. 109 - 25.

THERBORN, G. (1995) *Beyond European Modernity.* London: Sage.

THERBORN, G (1997) 'Europe in the Twenty-First Century: The World's Scandinavia' in P. Gowan and P. Anderson (editors) *The Question of Europe.* London: Verso.

TONNIES, F. (1957) [1887] *Community and Society.* East Lansing, Michigan: Michigan University Press.

TOURAINE, A. (1977) *The Self-Production of Society.* Chicago: Chicago University Press.

TSEBLIS, G. (1994) 'The Power of the European Parliament as Conditional Setter', *American Political Science Review,* vol. 88, pp. 128 - 42.

TURNER, B. S. (editor) (1993) *Citizenship and Social Theory.* London: Sage.

TUSHNET, M. (editor) (1990) *Comparative Constitutional Reform: Europe and America.* New York: Greenwood Press.

WRONG, D. (1994) *The Problem of Order: What Unites and Divides Society?* Harvard: Harvard University Press.

WAGNER, P. (1998 forthcoming) 'Vanishing Points: Inescapable yet Unattainable Lessons for Social Theory' *European Journal of Social Theory,* vol. 1, no. 2.

WENDT, A. (1994) 'Collective Identity Formation and thr International State', *American Political Sciencem Review* vol. 88, no. 2, pp. 348 - 96.

WINTLE, M. (editor) (1996) *Culture and Identity in Europe.* Aldershot: Avebury.

ZOLO (1992) *Democracy and Complexity.* Cambridge: Polity.